РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 08-65/1
05-01-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 45-тата седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците од анкетниот лист на ______________, судија на Основен суд __________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК во предметот со број 08-2984/1 од 05.06.2019 година.

Предметот со број 08-2984/1 од 05.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-2984/1 од 05.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а по добиена информација дека лицето ________________, судија на Основен суд _________ се стекнало со стан во Скопје кој не го пријавило до ДКСК согласно член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, побара податоци од Агенцијата за катастар на недвижности.

Од добиените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности произлегува дека лицето _______, судија на Основен суд _________, со договор за купопродажба од 20.09.2006 година се стекнала со стан во Скопје на ___________ со површина од 57 м2.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека именуваната по купување на станот до ДКСК не поднела пријава за промена на имотната состојба.

Имајќи во предвид дека согласно со Законот за прекршоците во конкретниот случај е настаната застареност за водење на прекршочна постапка, ДКСК побара од именуваната да ги пријави сите промени во нејзината имотна состојба.

______________, на ден 20.01.2020 година до ДКСК поднесе образец за пријавување промени на имотната состојба со кој е пријавен горенаведениот стан.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk